# РЕЧНИК НА АНТОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

едиција смисла

**ISBN 978-9989-191-65-7**

| | |
|---|---|
| **Издавач**<br>Книгоиздателство МИ-АН | **Корица**<br>Јован Оливер Павловски |
| **Емил Ниами**<br>РЕЧНИК НА АНТОНИМИТЕ<br>ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК | **Лектура**<br>Бобан Карапејовски |
| **За издавачот**<br>Мишел Павловски | **Печати**<br>Магнаскен |
| **Главен и одговорен уредник**<br>Лорета Георгиевска-Јаковлева | **Тираж**<br>500 примероци |

**Изданието е поддржано од Министерството за култура на РСМ**

Емил Ниами

# РЕЧНИК НА АНТОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Книгоиздателство МИ-АН
Скопје, 2021

# РЕЧНИК

# А

## АКТИВЕН – ПАСИВЕН

**активно – пасивно**

**активност – пасивност**

**актив – пасив**

АКТИВЕН
1. Енергичен, жив. 2. Што функционира или делува, што врши некаква дејност или работа.

ПАСИВЕН
1. Што не е активен, инертен. 2. Што не се спротиставува или не се обидува да ги смени работите.

До скоро и во Македонија состојбата беше токму таква и ССМ како единствен реле-вантен и репрезентативен синдикат, главно, заземаше неутрална позиција и немаше посебно изградена активна позиција кон изборите. Тој, може да се рече, повеќе беше пасивен отколку активен чинител во политичките процеси и изборите.
*Утрински весник, 9.5.2008*

Правилниот начин на исхрана му обезбедува на човекот оптимална размена на материите и енергијата, ја овозможува работоспособноста и создава услови за правилен ритам на работа активен и пасивен одмор - сонот во текот на денонoќието.
*Дневник , бр.1923*

## АКТИВЕН – ИНЕРТЕН

**активно – инертно**

**активност – инертност**

АКТИВЕН
1. Енергичен, жив. 2. Што функционира или делува, што врши некаква дејност или работа.

ИНЕРТЕН
Неактивен, безиницијативен.

Петрески заминувањето го најавува по зачестените критики од бизнисмените дека комората наместо активен креатор на економскиот амбиент во земјава стана инертен набљудувач на проблемите во стопанството. *А1, Вести, 18.2.2004*

## АЛТЕРНАТИВЕН – БЕЗАЛТЕРНАТИВЕН

**алтернативност – безалтернативност**

АЛТЕРНАТИВЕН
(за едно или повеќе нешта) Достапен или што може да се употреби место друг.

БЕЗАЛТЕРНАТИВЕН
Кој нема алтернатива, кој нема можност за избор.

Сè уште сметам дека има и сили и квалитет кои можат да ги направат вистинските чекори кон евроатлантските интеграции, што за мене е една и единствена и безалтернативна опција. Да постоеше друга алтернативна можност, ќе имавме избор. *Глобус, бр.80*

## АЛТРУИЗАМ – ЕГОИЗАМ

**алтруист(ка) – егоист(ка)**
**алтруистички – егоистички**
**алтруистичен – егоистичен**
**алтруистично – егоистично**
**алтруистичност – егоистичност**

АЛТРУИЗАМ
1. Грижа за другите, како водечки принцип во животот. 2. Несебичност.

ЕГОИЗАМ
Себичност, егоцентричност.

Вистинскиот реалистичен поглед за луѓето ги подразбира и двете можности како реални потенцијали за алтруизам и за егоизам што подразбира изучување на условите потребни за развиток на едното од нив. *Ј. М. Гушева, Потеклото (генезата) на моралот.*

Русија е земјата која е во потрага по изгубеното, додека Кина сака повеќе од тоа што го има. И двете земји сакаат повеќе, но за нив самите, не за сите. Раздвижени и забревтани од нивните себични цели, тие не можат да бидат тоа што била Америка во 20 век - земја која го следи сопствениот интерес, но и во исто време го задоволува и туѓиот интерес и на тој начин создава глобална побарувачка за добрата и услугите кои ги испорачува. Тоа не е ниту алтруизам, ниту егоизам, туку интелигентен самоинтерес со кој наметнува влијание. *Глобус, бр.125*

## АНАЛИЗА – СИНТЕЗА

**аналитички – синтетички**
**анализира – синтезира**

АНАЛИЗА
Детално испитување (на нешто) преку изучување на неговите составни делови и нивните односи.

СИНТЕЗА
Постапка или резултат од спојување на изделени елементи, осб. идеи, поими, верувања итн., во една поврзана целина.

Од кандидатите се бара совршено владеење на работните јазици, односно на мајчиниот јазик и два странски, се цени моќта за концентрација, за меморирање и за анализа и синтеза на содржината. *Нова Македонија, 1.6.2009*

Наставниците треба постојано да ги користат методите за образување и објаснување на поимите: анализа, синтеза, апстракција, генерализација, дефиниција, делба и класификација. *Дневник, ОЛИ*

Најчесто е се само игра. Колку помалку се мистифицира во креирањето, толку сме поблиску до резултатот. Ликовите се добиваат по пат на синтеза, но и по пат на анализа. *Вечер, 5.9.2006*

## АПСОЛУТЕН – РЕЛАТИВЕН

**апсолутно – релативно**
**апсолутност – релативност**

АПСОЛУТЕН
Неусловен од ништо, безусловен.

РЕЛАТИВЕН
Што е во одреден однос, во условна врска со други поими, зависен од определени услови и околности.

Релативна застареност на делото (во случајов фалсификување исправи) настанува по 5 години, а апсолутна застареност по десет. *Време, 15.9.2007*

Комисијата во постапката од ставот 2 на овој член ги оценува сите факти и докази,а особено состојбата во одредена производна дејност, вкупниот пораст на увозот наодделна стока во апсолутен и релативен износ, состојбата на домашниот пазар којанастанала поради зголемениот увоз, искористеноста на производните капацитети,состојбата на добивката или загубата, влијанието на зголемениот увоз врзвработеноста во определена производствена дејност и други околности кои се одзначење за оцена на состојбата на домашното производство на тие стоки. *Закон за трговија на Р.М.*

## АРОМА – РЕА

АРОМА
Пријатен мирис.

РЕА
Непријатна миризба.

Од време на Рим ја презеде функцијата од Грција, немаше од ништо научни лево на трансфер од африканските КМТ (сега Египет), само жито и овошјето, работната сила во форма на Африканци поробени и верска арома (или реа) на темелно силувана и вклештен Црното култура беа лево. *www.universityofkmt.com*

## АРОМА – СМРДЕА

**ароматичен – смрдлив**

АРОМА
Пријатен мирис.

СМРДЕА
Непријатна миризба.

Зарем не гледате дека Скопје е безбоен град? - извика господинот бркајќи муви со шапката. - Само што ќе исчезне миризбата на липите, Скопје почнува да носи смрдеа, - рече еден интелектуалец, кој со шапката в раце ја следеше поетската манифестација. - Не си во право, мојот роден град среде лето шири арома на готвени јадења со бамји и модри патлиџани, на месо, риба и бурек, - се побуни неговата соговорничка. *Дневник, бр.2215*

## АРХАИЗАМ – НЕОЛОГИЗАМ

АРХАИЗАМ
Архаичен збор или фраза.

НЕОЛОГИЗАМ
Нов збор или израз.

Архаизми - неологизми. Негувајќи култ кон јазикот и неговата колосална димензија, употребени се архаизмите како присет на сопствената историја, доказ за богатството на јазикот и неговите чудесии, бранење од заборав на чудесните наши корени на постоење. Во тој контекст, заштитувајќи ги архаизмите, поетот гради неологизми кои се најчесто сложенки. Таа паралела на - изми е свежина во неговото творештво, како спој на старото и новото поетско видување на светот. *Утрински весник, бр.2161*